Препораките за политики од овој документ се однесуваат на неколку клучни теми што се предмет на истражување. Тие се: назначување на правни застапници по службена должност, исплата на правните застапници по службена должност и компетентност на правните застапници по службена должност. Секоја од овие теми е важна за реформата на целокупниот систем и за обезбедување гаранција на луѓето што се обвинети и на кои им е потребна правна поддршка.

Предложеното решение подразбира определени законски промени, но уште повеќе значителни промени во постоечката практика во системот на одбрана по службена должност во Република Македонија. Документот, исто така, предлага подлабинско вклучување на Адвокатската комора во сите сегменти на системот, со цел да го децентрализираат и да обезбедат подобра експертиза, како и поефикасни постапки за заштита на луѓето што се изнесени пред суд.

## 2. Вовед

Истражувањето на ефективноста на системот на правна заштита на обвинетите во петте земји во регионот беше спроведено во рамките на проектот „Подобрување на заштитата на правата на обвинетите во Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Македонија и Србија". Проектот беше спроведен ов страна на Хелсиншкиот комитет за човекови права во Република Српска со соработка со партнерските организации од регионот со цел да придонесе кон зајакнување на системот за правна заштита на обвинетите. Почетната точка за реализација на ова истражување е документот „Компаративна анализа на застапувањето во кривичната одбрана во Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Македонија и Србија", изготвена во февруари 2014 во рамките на програмата „Балканска мрежа за владеење на правото (БМВП)". Оваа анализа беше направена анализа со цел да се одреди како воспоставување на регионална мрежа на адвокати на одбраната може да придонесе до поквалитетно, независно и ефективно застапување во кривичните предмети. Како основ за овој документ послужи компаративната анализа на правото и практиката во секоја од засегнатите држави.

Резултатите од извршената компаративна анализа на застапувањето во кривичната одбрана во петте земји од регионот, како и работата на членовите на експертските работни групи кои дискутираа за проблемите во функционирањето на одбраната, покажаа дека сите пет земји од регионот се соочуваат со сериозен предизвик при обезбедувањето на квалитет во пристапот до правдата на сите граѓани. Во согласност со препораките на оваа анализа, неопходно е да се идентификуваат најважните прашања што влијаат на воспоставувањето и функционирањето на транспарентен систем на одбрана по службена должност - особено во областите на назначување на бранител по службена должност, определување и исплата на надомест на вклучените адвокати, потребни компетенции за адвокатите да можат да обезбедат ефективна одбрана на обвинетите и можности за поставување на алтернативни модели во одбраната по службена должност.

На нормативен план, се обезбедува бесплатна правна помош на сите лица обвинети за одредени кривични дела, кои не се во можност



да платат адвокат. Сепак, досегашните искуства покажуваат дека сите споменати пет земји во регионот се соочуваат со сериозни проблеми при спроведување на законот во пракса и обезбедување соодветен пристап до правда на сите граѓани. Како најбитни проблеми при обезбедување соодветна одбрана по службена должност на обвинетите лица најчесто се посочуваат: недостатокот на транспарентност при назначување на адвокати по службена должност, несоодветен надомест на назначените адвокати, како и нивната компетентност при обезбедувањето на квалитетна одбрана на обвинетите.

Предмет на истражувањето оттука беше да се оценат постоечките законодавства и практики во обезбедувањето на одбрана по службена должност, во корелација со постојните меѓународни стандарди и практики во оваа област и да се дефинираат препораки за подобрување на постојниот систем на одбрана по службена должност во регионот, со цел да се подобри квалитетот на застапување на обвинетите. Основната премиса е дека реформите спроведени во полето на кривичното законодавство во сите пет земји од регионот не ги дале очекуваните резултати, и дека постојат определени проблеми во функционирањето на системот на одбрана по службена должност што значително ја нарушуваат неговата ефикасност, што понатаму влијае врз обезбедувањето на ефективна одбрана на обвинетите во кривични постапки.

## 3. Опис на проблемот

Реформите спроведени во Република Македонија доведоа до промена во системот на кривична правда од т.н. мешовита кривична постапка со инквизаторни елементи до поакузаторен систем, каде странките, повеќе отколку судот, ја имаат главната улога во предлагањето и изведувањето на доказите.

Новиот Закон за кривична постапка ја зголемува улогата на јавниот обвинител во предистражната постапка и на обвинителот му дава контрола над полицијата во истрагата, а на одбраната и' дава право да земе активно учество во истрагата. Исто така, на странките им дава право на судењето вкрстено да ги испрашуваат сведоците, воведува можности за спогодба, со цел да ја забрза судската постапка.

Новиот систем не ги задоволи сите учесници на постапката и понатаму остануваат премногу отворени прашања во целиот процес. Според анкетата, адвокатите на одбраната се најнезадоволни со примената на новиот закон. Тие најмногу се жалат дека не се запознаени со доказните материјали и дека немаат пристап до списите, практично до самиот крај на обвинителската истрага. Освен тоа, во одреден број скратени постапки, кои според новиот закон претставуваат 70% од сите случаи, тие не се детално запознаени со доказите на обвинителството до самото судење. Во таа смисла, ситуацијата е слична со таа во другите балкански земји каде новите правни решенија се солидни и во согласност со европските стандарди, но слабата точка на целиот реформски процес е нивната имплементација во пракса.

Стандардите за меѓунардоните човекови права се инкорпорирани во новиот Закон за кривична постапка и останатите закони што се однесуваат на оваа материја (Законот за правда за децата, Законот за полиција и слично). Домашните адвокати не се доволно добро запознаени со Европската конвенција за човекови права, ниту пак со директивите и останатите регулативи и стандарди на Европската унија. Европските директиви што се однесуваат на правата на осомничените особено не се познати на општата јавност.

Со Законот за кривична постапка во Македонија утврдена е задолжителна одбрана по пат на судски назначен адвокат на одбраната во случаи кога поради тежината на кривичната пријава, или каков било друг очигледен хендикеп, обвинетите не се во можност да се застапуваат себеси. Доколку обвинетите немаат адвокат, претседателот на судот им назначува правен застапник по службена должност за понатамошниот тек на кривичната постапка, додека судската пресуда не стане правосилна. Понатаму, обвинетите на кои им бил определен притвор мора да имаат бранител во текот на целото времетраење на притворот. Во случаи на обвинение за кривично дело кое, според закон, подлежи на казна затвор со времетраење од десет години или повеќе, обвинетите мора да имаат бранител во моментот кога им се врачува обвинението.

Во случаи на финансиски немоќни обвинети кои не се квалификуваат за задолжнителна одбрана, а се товарат со кривични дела кои, според закон, подлежат на казна затвор, на барање на обвинетите судот може да им назначи бранител на трошок на државата, доколку финансискиот статус на лицето го спречува да ги покрие трошоците за одбрана и кога тоа е потребно во интерес на правдата и фер судењето. Според законските одредби, претседателот на судскиот совет решава по овие прашања, додека претседателот на судот ги назначува адвокатите на одбраната. Ова решение е преземено од стариот Закон за кривична постапка и подразбира доминантна улога на судовите во предистражната постапка и е несоодветно за новиот модел.



На судски назначените адвокати треба да им се исплати надоместок во согласност со адвокатската тарифа. Со оглед на недостатокот на средства, судовите им исплаќаат различни надоместоци, во зависност од сложеноста, бројот на обвинети, итн. На адвокатите на одбраната им се исплаќа паушална сума, во зависност од судијата на случајот, тежината на кривичното дело како и сложеноста. Оваа сума треба веднаш да се исплати, однапред, но во пракса на адвокатите надоместокот им се плаќа по завршувањето на кривичната постапка, најчесто со закаснување од една година или повеќе.

За разлика од надоместоците исплатени во случаи кога тие се плаќаат од обвинетите, судски назначените бранители се помалку платени, наводно значително под тарифите. Освен тоа, Тарифникот и Кодексот на однесување, вклучувајќи го и Законот за адвокатурата, пропишуваат морална обврска на адвокатите да наплаќаат пониски трошоци или да работат без надомест во случај на сиромашните клиенти. Тоа што судовите на бранителите по службена должност им плаќаат сума пониска од минималната сума утврдена во Тарифникот неоспорно се одразува врз квалитетот на услугата на одбраната. Нема пишани правила за исплата на адвокатите, па судиите се потпираат врз претходните практики на нивните колеги, што може да варираат од судија до судија, од суд до суд. Во некои случаи кога судски-назначените адвокати ја поднесуваат својата листа на трошоци, судот ги прифаќа само оправданите, но оваа пракса не е воспоставена како правило. Освен тоа, на адвокатите на одбраната им се плаќа назначениот надомест само за одржаните судски рочишта, додека откажаните судски рочишта не се земаат предвид.

Постојат различни практики по однос на финансиските аспекти за судски назначените адвокати во Македонија. Имено, голем број

на адвокати, и не само почетници, покажуваат интерес за да бидат назначени како бранители по службена должност, свесни дека ќе бидат помалку платени. Следствено на тоа, пониските адвокатски надоместоци не се единствен фактор што влијае врз квалитетот на одбраната во кривични постапи. За разлика од економски развиените и богати држави, многу мала елита на познати адвокати смета дека е недостоинствено да се работи како судски назначен бранител за скромен надоместок. Но, кога веќе работат на такви случаи, адвокатите во принцип им посветуваат помалку време во споредба со кривичните случаи за кои се приватно ангажирани.

Недоволната ангажираност на адвокатите по службена должност е спротивна на правните прописи што бараат судиите и адвокатите да ја извршуваат должноста професионално и совесно. Во такви случаи, обвинетите може да поднесат жалба до Адвокатската комора, што не ги иззема судовите од нивната обврска да обезбедат професионално и совесно работење на судски назначените застапници.

Најчесто судовите, кои ја користат листата на активни адвокати под нивна надлежност, немаат листа на адвокати што се назначуваат во кривични постапки, туку се потпираат на општиот регистар што го одржува Адвокатската комора. Листата е достапна на сите судии, и нема посебни правила што го уредуваат изборот на законски застапници по службена должност.

Големо мнозинство на случаи со одбрана по службена должност се поврзани со задолжителна одбрана во случаи на тешки кривични дела и одбрана на малолетници. И покрај ова, случаите каде сиромаштијата е главната причина за користење на адвокат на сметка на државата речиси никогаш не се среќаваат во пракса, што е многу чудно ако се земе предвид дека многу голем процент на обвинетите се сиромашни (според официјалните податоци на Државниот завод за статистика, една третина од македонските граѓани се сиромашни!). Третиот случај во која обвинетите имаат можност да користат адвокат на сметка на државата е во зависност од околностите кога биле уапсени, односно кога се уапсени ноќе.

Обвинетите воопшто и не се информираат за правото на бесплатна правна помош. Освен информацијата за нивното право на правен застапник, тие не се информираат ниту за можноста да користат правно застапување на сметка на државата во случај да немаат доволно пари тоа. Слично, обвинетите не се информираат за фактот дека во некои случаи на задолжителна одбрана не мора да платат адвокат доколку нивната издршка или издршката на нивното семејство би била доведена во прашање.



Во полицијата и во судовите, нема единствен и унифициран систем во кој би се регистрирале законските застапници, па така секоја полициска станица и секој суд си имаат сопствена листа на што е составена по различна основа. Ретко кога таа листа е подготвена од Адвокатската комора како што предлага новиот Закон за кривична постапка. Почесто застапен е некаков хибриден систем во кој адвокатите го изразуваат својот интерес пред судот, но тоа не е врз основа некои транспарентни критериуми, што значи дека не сите законски застапници се информирани за тоа. Адвокатите често се жалат на фактот дека листите се прават врз основа на пријателства помеѓу Претседателот на судот и некои адвокати. Полициските станици се соочуваат со истиот проблем, со тоа што во тој случај е уште поочигледно дека листите на правни застапници се повеќе листи на адвокати заинтересирани за случаи на задолжителна одбрана, отколку листи на адвокати што вистински работат на тоа и кои се навистина спремни да одговорат на таа задача. Очигледно е дека судовите и полицијата претпочитаат едни исти адвокати на одбраната што води до основаноста на сомневањето поради кое страдаат и адвокатите и обвинетите.

Не постојат конкретни механизми што обезбедуваат транспарентност, па така повторно се појавуваат некои од проблемите споменати по однос на претходното прашање, т.е. дека претседателите на судовите сносат најголема вина, заедно со Адвокатската комора, како и Законот за кривична постапка. Особено се нагласува дека решението, според кое судот назначува правен застапник по службена должност, пренесеново новиот Закон за кривична постака од стариот, е несоодветно за полицискиот и обвинителниот дел од процесот, што понатаму води до процедурални компликации и дури до буџетски импликации, затоа што некои судови сметаат дека средствата за трошоците на постапката водена од обвинителот не мора да бидат на товар на нивниот буџет.

Системот е целосно дисфункционален кога станува збор за правните лекови, затоа што во буџетот на апелационите судови не се распределени средства за бранители по службена должност. Адвокатите укажуваат на очигледната корупција во системот и на врската помеѓу судиите и правните застапници по службена должност кои тие ги фаворизирааат, што води до фактот дека тие ретко ги обжалуваат нивните пресуди. Ова наводно особено важи за случаите на судења во отсуство каде правните застапници по службена должност никогаш не се жалат, и, според некои наводи, не се ниту присутни на рочиштата. Во овие случаи нема очевидци кои би потврдиле дали правните застапници навистина биле присутни, и дали и како тие го браннеле обвинетиот во негово отсуство. Овие поенти се секако сериозни, и да бидат проверенипреку подетално истражување, за што ние немавме можности.

Системот на правна помош за сиромашните е лошо регулиран, и како резултат на ова значително заостанува зад општиот систем на бесплатна правна помош што е организиран врз основа на јасни критериуми со посебен закон, но кој не важи за кривичната постапка. Постои општо незадоволство од севкупната слаба имплементација на системот, како и со сумата доделена за оваа намена од страна на државата.

Кога станува збор за компетентноста на адвокатите, во одредени случаи законот налага дека во посериозни случаи правните застапници може да застапуваат клиент само доколку имаат одредено искуство. За разлика од судиите и обвинителите, само одреден процент на адвокати биле вклучени во обуките за спроведување на новиот ЗКП. Освен тоа, општи, континуирани обуки се помалку застапени меѓу адвокатите и одреден процент од нив не се вклучени. Проблемите се од организациона и финансиска природа, затоа што обуките за адвокати организирани од страна на Адвокатската комора се финансираат од средствата нередовно депонирани од страна на ОБСЕ и некои странски амбасади. Потребата од обуки се зголемува со оглед на големиот број на суштински реформи на кривичното законодавство, како и простата причина што адвокатите се обучени за комплетно поинаков модел на кривична постапка, фактот што се воведени и други важни иновации, како можноста за спогодба, медијација, нов систем за одредување на санкции и слично.



Според закон, судот е изречно овластен да го надгледува квалитетот на одбраната и треба да реагира по сопствена иницијатива, или на иницијатива на обвинетиот доколку бранителот не обезбеди добар квалитет или ангажман. Тоа, исто така, подразбира дека треба да се извести и Адвокатската комора која е овластена да спроведе дисциплинска постапка. Сепак, и покрај бројните поплаки и критики и за целокупниот систем и за конкретниот ангажман на поединечни бранители, такви случаи не можат да се најдат ниту во аналите и документите на Адвокатската комора, ниту пак била покрената некоја дисциплинска постапка против несовесните правни застапници. Всушност, постои релативно голем број на дисциплински постапки против адвокати на одбраната, но ниту една од нив не е поради квалитетот на услугата обезбедена од страна на адвокатот назначен по службена должност.

## 4. Предлог политика

И покрај тоа што Република Македонија главно ги задоволува меѓународните стандарди за заштита на човековите права во законодавството, постои значително неспроведување на овие одредби во практиката. Ова создава ситуација во која се загрозени правата на обвинетите, како и целиот систем на одбрана по службена должност. Очигледната сложеност на ова прашање бара цел збир на мерки во политиките што треба да се извршат со цел да се подобри системот на одбрана по службена должност во Македонија. Мерките треба да ги покријат сите неопходни аспекти на системот и да ги пополнат празнините во постапката и праксата. Најважното за лицата што го користат системот е да се почитува правото на правично судење во согласност со меѓународните стандарди, особено во согласност со оние зададени од Европскиот суд за човекови права.

Постојната пракса во Македонија е оптоварена со немање јасни правила за назначување на застапници по службена должност, нееднаков третман на застапниците, сериозен недостаток на капацитет и посветеност кај застапниците и сплет на практични решенија што се различни од еден суд до друг. Невоедначената пракса создава плодна почва за корупција и го разјадува целиот систем. Практичната последица е загрозување на правото на правично судење. Постојат многу малку случаи во кои се обезбедува правна

поддршка за луѓе без финансиски средства, што јасно покажува дека луѓето не се информирани или запознаени со своите права. Овој факт го продлабочува јазот во општеството и ги става сиромашните во нееднаква положба пред законот.

Назначувањето на застапниците, вклучувајќи ги и листите и сите други компоненти, треба да биде одговорност на Адвокатската комора. На овој орган му е потребно дополнително да ги развие своите капацитети и својата улога во постапките. Критериумите за избор треба да бидат многу строго пропишани и почитувани. Системот што обезбедува правичен третман на адвокатите не е од важност само за адвокатите, туку и за правата на обвинетите. На обвинетите треба да им се даде можност да бидат застапувани пред судот од адвокати избрани по пат на фер постапка, а не врз основа на корупција. Корумпираниот систем води до пониско ниво на квалитет и сериозно загрозени права на лицата што се дел од судската постапка и го нарушува целокупниот систем на владеење на правото и заштитата на човековите права во земјата. Соработката на судовите е апсолутно неопходна за реформа во системот на назначување и судовите треба да бидат санкционирани во сите случаи кога не се придржуваат до листата на застапници по службена должност дадена од комората.

Неоспорно право е на сите луѓе да го изберат најквалификуваниот застапник што би можел да ги претставува пред судот. Фактот што некој не е во положба (од различни причини) да плати адвокат, не треба да значи дека квалитетот на услугата би бил понизок или нееднаков на оној добиен кога се плаќа за услугата. Комората треба да инсталира софтвер што би водел евиденција за адвокатите по службена должност, вклучувајќи го и бројот на случаи, нивниот успех и сите останати релевантни податоци. Системот би требало да обезбеди случаен избор при назначување на адвокати. Точните податоци во софтверот даваат можност сите обвинети да имаат целосен увид во можните застапници по службена должност и слободно да изберат врз основа на јасна евиденција на резултати. Ова исто така подразбира неопходни промени во Законот за кривична постапка со цел да се исполнат стандардите од праксата на Европскиот совет за човекови права. Адвокатската комора треба



да усвои правила и процедури што ќе ја уредуваат целата постапка и сите важни чекори, како и правата и обврските на застапниците.

Застапниците треба соодветно да се платени за својата работа. Соодветен систем за надоместоци на застапници е важен при остварувањето на правото на правично судење. Постојната пракса во Македонија не е конзистентна и резултира со недостаток на мотивација меѓу застапниците во прифаќањето на случаи на одбрана по службена должност. Исплатата може да се обезбеди на неколку пати во текот на постапката. Моменталната ситуација што се карактеризира со задоцнети исплати и недоволни средства за оваа ставка би можела сериозно да ги загрози правата на обвинетите и да влијае врз квалитетот на обезбедените услуги. Државата има обврска да обезбеди буџет за одбрана по службена должност, и ова не смее да зависи од финансиската состојба на судот, ниту пак да варира од едно место на друго.

Обуките и подобрувањето на вештините на застапниците по службена должност е важен дел од реформата на севкупниот систем. Застапниците со недостаток на капацитети би можеле да нанесат сериозна штета на обвинетите и значително да го загрозат битието на правата на обвинетиот. Нови закони и процедури, како и спроведување на најдобрите практики од Европскиот суд за човекови права, и имплементација на препораките на ЕУ го прават овој процес уште позначаен. Од клучно значење за правичното судење е и двете страни, и обвинителството и одбраната, да се еднакво оспособени за процесот. За целиот систем на градење капацитети за адвокатите по службена должност треба да е задолжена Адвокатската комора. Комората треба да ги организира обуките, како и другите форми на надоградување, но исто така и да води евиденција за сите адвокати. Со цел да се води оваа евиденција потребни се точни податоци за конкретното знаење и вештини на адвокатите, искуството во специјални постапки, како и јасно оценување на резултатите на сите учесници во образовниот процес. Дисциплинските постапки против адвокатите треба да се евидентирани во нивните досиеја. Обуките треба да се потесно специјализирани, додека минималниот капацитет на адвокатите треба да биде регулиран со правилникот на комората.

## 5. Препораки за политики

Со цел да се постигнат резултатите од документот, треба да се преземат следните практични чекори:

- Нови прописи во рамките на комората со сите правила и процедури за назначување на адвокати по службена должност;
- Изедначување на правилата за назначување на адвокатите по службена должност во сите судови;
- Ажурирање на листите на правни застапници по службена должност во комората барем еднаш годишно;
- Инсталирање на софтвер што би можел да ги следи сите правни застапници по службена должност;
- Санкции за судовите што не ја почитуваат листата на правни застапници по службена должност на Адвокатската комора;
- Воедначена тарифа за сите правни процедури со јасни разлики засновани на објективни критериуми;
- Промена во праксата на исплата на правните застапници по службена должност;
- Редовна исплата во определниот термин без одложување;
- Посебни буџети во судовите за исплата на одбраната по службена должност;
- Комората треба да преземе целосна одговорност за образованието и следењето на евиденцијата на правните застапници по службена должност;
- Вклучување на дисциплински постапки против застапниците во нивните досиеја;
- Промена на Законот за бесплатна правна помош со цел да се обезбеди правна помош за лицата што се соочуваат со кривични пријави;
- Подигнување на свеста на општата јавност за правото на адвокат по службена должност во случаи кога обвинетиот нема финансиски средства да плати за правно застапување.



Free/non-commercial circulation:

The statements and analyses expressed are solely those of authors and do not represent the position or policy of the Helsinki Committee for Human Rights in Republika Srpska. This policy paper is made possible by the support of the American people through the United States Agency for International Development (USAID) through the program “Balkans regional rule of law network" that has been implemented by the American Bar Association Rule of Law Initiative (ABA ROLI).